Република Македонија
**Влада на Република Македонија**
**Министерство за труд и социјална политика**

Влада на Република Македонија
Министерство за труд и социјална политика

Бр. 11-4694/8
15-08-2012 год.

Даме Груев бр.14,
1000 Скопје,
Република Македонија
Тел. (02) 3 106212
Сајт: www.mtsp.gov.mk

**До: Влада на Република Македонија**
**Министерство за информатичко општество и администрација**

**Предмет: Извештај од спроведени консултации по однос на Предлог на Закон за заштита на децата**

*Почитувани,*

Министерството за труд и социјална политика согласно Упатството за начинот на постапување во работата на министерствата за вклучување на засегнатите страни во постапката за изготвување на закони (Сл.весник на Република Македонија бр.150/11), Ве известува дека во постапката на подготовка и пред поднесување на Предлог на Законот за заштита на децата согласно член 9 од Упатството и обвската на Министерството да достави Извештај од спроведени консултации со засегнати страни, ја има запазено постапката за вклучување на засегнатите страни односно во предложениот текст на истиот се овозможи јавен увид, истиот беше објавен на ЕНЕР од 13 јули 2012 година заедно со образец број 1-План за почетна процена на влијанието на регулативата и обрзец број 2 –Иницијалната проценка на влијанието на регулативата како и на веб страницата на Министертвото на ден 13 јули 2012 година преку соопштение односно писмена покана да сите засегнати страни согласно член 2 од упатството и тоа до бизнис заедницата, невладините организации, здруженија, физички и правни лица кои на било каков начин можат да бидат засегнати од имплементацијата на Предлог на Законот за заштита на децата и да земат учество во јавниот увид во предложениот текст на Предлог-Законот со пропишаните прилози. Со објавувањето беше овозможено сите засегнати страни да го дадат своето мислење, коментари и предлози по Предлог на Законот за заштита на децата.

Согласно горенаведеното, Министерството за труд и социјална политика доставува извештај дека од страна на засегнатите страни од јавниот увид во дадениот рок нема добиени коментари, мислења и предлози по однос на Предлог на Законот за заштита на децата и истиот е објавен на ЕНЕР и на веб страницата на Министерството заедно со сите пропишани

прилози.

Воедно, согласно член 4 од Упатството Министерството за труд и социјална политика Ве известува дека Предлог на Закон от за заштита на децата заедно со пропишаните прилози ги има објавено на веб страната на Министерството.

**МИНИСТЕР**
**Спиро Ристовски**

Изработил:Елица Димитровска
Контролирал: Валентина Павловска
Одобрил:Вера Петровска